

Станко Павлески: Ателјето е убаво кога е полно со материјал и видлива намера која чека на реализација

МОЕТО АТЕЛЈЕ: СТАНКО ПАВЛЕСКИ

# Овде сум слуга и господар

**● Ателјето ми е лабораторија во која мешам емоции со сознанија; материјали со технички постапки; идеи и концепти со континуитет и контексти; стандарди со изместувања и фикции. – Вратата на моето ателје е отворена, но проодна за ангели и тишина која што се пробива со мерката на господарот и намерникот**

Подготвила: Софија ЃУРОВСКА

*ШТО ЗНАЧИ ателјето за уметникот? Како се чувствува тој во него, во својот микрокосмос? Дали се крие, дали бега од светот, од луѓето, живее ли некој друг живот во него? За што размислува, што чувствува додека, со часови, секој ден, стои сам – во длабока тишина, пред платното, пред парчето хартија? Како тече раѓањето на сликата, го исполнува ли нејзиниот творец со задоволства или му предизвикува нови маки? Влегуваат ли во тој „затворен", простор намерници, ги откриваат ли тајните на сликарската работилница и на осамeникот, кој најголемиот дел од животот го минува тука – сам, со боите, со идеите, со движењата на раката...*

*На овие и на дилемите кои допираат до нив ќе се обидеме да одговориме во повеќе продолженија, по посетата на 15-тина ателјеа.*

Во ателје сум и слуга и господар кој влегува од навика, од потреба за експеримент и во потрага по значења. Во овој простор се чувствувам моќно – го откривам животот, комуницирам со други светови, сонувам стоејќи, ја чувствувам моќта на создавањето и зборувам со себе. Животот и животот во ателје се два различни света, но истовремено и едно цело – потхранувано од тие две состојби во кои се наоѓам.

На уметноста гледам како на проект за самонаоѓање – она што сум и она што не знам дека сум. Чепкам по тајните во себе за да се доближам до она што е помалку прикажливо, од другата страна на искуството, до надсетилното. Штом ме има во ателје значи имам што или ништо, но секогаш доволно провокација да размислувам, да поставувам проблеми и концепција за наредно дело, проект или циклус.

Ателјето ми е засолниште за личното и енергетско поле во кое инкубираат идеите, лабораторија во која мешам емоции со сознанија; материјали и нивни значења со технички постапки; идеи и концепти со континуитет и контексти; стандарди со изместувања и фикции. Ателјето е убаво кога е полно со материјал и видлива намера која чека на реализација; кога мириса на присуство; кога е топло зиме, а свежо на лето и постојано просторно. Кога сум затрупан во скици и материјал и сè друго што ми е потребно и што можам сè сам да совладам и да не зависам од никого и да сум господар на ситуацијата.

Делото и заробениот свет во него е радост што сакам да ми се случува постојано. Потребата ја стимулира концентрацијата и ја чини константна. Кога влегувам од една идеја во нова, од едно дело во друго, чувствувам дека живеам. Кога работам се завршува во мене како резултат на вкрстени енергии. Колку е реален, тој процес е и метафизички. На тој пат ја носам убавината со себе – стравот, несигурноста, болката, визуелните сензации, љубовта. Кога ме има во тој свет, тој сон на јаве, ми се случува ателје, дело, творештво како обред, како „вистина".

Во ателје не оди постојано како што очекувам, така како што знам, како што ми се случува. Тогаш посебно воспоставувам повисоки критериуми и барам максимум од себе. Кризите се составен дел на творештвото – тоа сум го научил, но ме прават несигурен. Кога не ми оди, барам поинаков израз кој базира врз моите претходни искуства, како тивок влез во нешто друго. Е, ако и тоа не го бидува, работам да заборавам сè и да почнам од почеток. Патувам во непознатото или се наоѓам во новонастанати ситуации, реагирам на драстично нов начин, ја провоцирам силната енергија на скулпторскиот почеток.

Сонувам ателје од минатите времиња – на пример од Ренесансата која нуди вистинска слика за ателје од кое и во кое се живеело. За мајсторот ателјето било професија – егзистенција, во него се случувало сè, тоа било најмногу што се има – цел живот. За учениците ателјето на мајсторот било шанса да се биде. Денес ателјето е нешто друго, аматерски-професионално, ако таков спој издржува. Привилегија на најотпорните, кои имаат моќ по сè што им се случува во денот да се „одмораат" во него, да заборават на сè, да бидат во себе, да создаваат.

Вратата на моето ателје е отворена, но проодна за ангели – за тишина која се пробива со мерка на господарот и намерникот. Со колегите и луѓето од браншата кои ми се посебно драги и коишто ги чувствувам како пријатели, секогаш е задоволство и среќа да се разменат преокупациите, проблемите, да се коментираат настаните, изложбите, доживувањата. На ист пат сме во животот и тоа нè насочува едни кон други. Со задоволство следам и изнесувам ставови. Тоа е како пред – најава на сопствените идеи и планови и проверка на мислата пред реализација. Последнава година работам на материјал кој е сублимат на претходни мои размислувања на ниво на скици кои не добија шанса да бидат реализирани – ги сметав за недоречени и недоволно чисти како целина. Проверката на скица често ме доведува до еден елемент кој нема „тежина" на скулптура, но има доволно ликовност и значење само по себе. Повеќе такви значења градат свет од значења извлечени од контекст и вградени во нова целина, како извлечен збор или последователни зборови од повеќе реченици кои формираат нова реченица. Тоа е еден „проблем" од повеќето кои си ги поставувам, но не би навлегувал во најава на она што ќе следи. Генерално, станува збор за релации: скулптура – предмет; редукција – редефиниција; квантитетот како едно – квантитет на едното: очекувано – неочекувано – изместен елемент; материјалот и неговите значења – простор за тактилна содржина. Прво што гледам во скулптурата е она што се гледа, потоа влегува внатре, ако „внатре" постои, а потоа гледам она што не се гледа. Релациите кои ме интересираат ме водат кон тоа задоволство.

Инаку, многу работи во ателје остануваат на ниво на експеримент и како такви се дел од ателиерскиот декор – додека не се одлучам да ги уништам или преработам. Преработени наоѓаат место во друга скулптура, во друга концепција. Всушност, многу малку уништувам што веројатно зависи од пристапот – проверувам секој детал пред да влезам во реализација. Мојот начин на работа е условен од материјалите (железен лим, олово, месинг, кожа) со кои работам и од форматот, па не си дозволувам да одам на ризик во реализацијата.

(Продолжува)

# ...окални

и Билјана Јовановска –

...вање за импресивните изведби во вториот дел.

Во својот вистински фах (вокалното царство на Чајковски и Рахманинов) Билјана Јовановска Јакимовска блесна со сиот сјај. Интимната лирика на Чајковски низ нејзината вдахновена креација ги доби сите неопходни валери: и потресната трагика, и вулканската драматика и темплативната меланхолија. Речиси исто толку беа и изведбите на кусите, но сугестивни соло песни од Сергеј Рахманинов, Пијанистката Татјана Огнановска во текот на целиот рецитал беше на потребното рамниште: сигурна, без претензии да биде во главна ролја, но неопходна во создавањето на мошне поволниот впечаток.

Марко Коловски

СПОНЗОРИ НА ТРИЕСЕТ И ПЕТТИТЕ СТРУШКИ ВЕЧЕРИ НА ПОЕЗИЈАТА
ГЕНЕРАЛЕН СПОНЗОР
- ТАМ АД ЗА ОСИГУРУВАЊЕ - БИТОЛА
ЕКСКЛУЗИВЕН СПОНЗОР
- ТАТ ШТЕДИЛНИЦА И МЕНУВАЧНИЦА ДОО - БИТОЛА
- РУБИН - СКОПЈЕ
- САНТРЕЈД - ИЗРАЕЛ - СКОПЈЕ
- ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА
- АЛКАЛОИД - СКОПЈЕ
- КИМИКО - СТРУГА
- ЗОИЛ
- ОХИС - СКОПЈЕ
- ПП АЛГА - СТРУГА